**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**Тело за управување со ИПАРД**

**Комитет за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027**

# Записник од четвртиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

3ти декември 2024

Хотел Холидеј Ин

Скопје

Арх.Бр. 20-_________/_____

____ . ____ . 2025

## I. Листа на учесници

**Даниела Иротова Лазарева -** Претседавач на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027.

**Присутни членови на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027:**

1. **Перица Иваноски -** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Виолета Михајлоска -** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
3. **Биљана Дамческа -** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
4. **Александра Славковска -** Министерство за социјална политика, демографија и млади;
5. **Африм Шаини** - Министерство за животна средина и просторно планирање;
6. **Ардиана Абази Рамадани** - Министерство за економија и труд;
7. **Рефет Амети** - Министерство за култура;
8. **Евгенија Серафимова Кирковски** - Министерство за европски прашања;
9. **Пеце Стојковски** - Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
10. **Владимир Петков** - Факултет за ветеринарна медицина – УКИМ;
11. **Марина Нацка** - Факултет за земјоделски науки и храна – УКИМ;
12. **Сашо Ристески -** Македонска асоцијација на преработувачи;
13. **Горан Митев -** Асоцијација на земјоделци;
14. **Перо Моцан** - Вина од Македонија;
15. **Сашо Крцоски -** Мрежа на млади фармери;
16. **Робертина Брајаноска -** Македонско еколошко друштво;
17. **Маја Тасева -** Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија;
18. **Елена Младеновска Јеленковиќ** - Стопанска комора на РСМ;
19. **Арбен Халили** - Стопанска комора на северо-западна Македонија;
20. **Петар Ѓорѓиевски** - Мрежа за рурален развој;
21. **Наташа Вртеска** - ЗЕЛС.

**Присутни заменици на членови на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027:**

1. **Татјана Вета** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Нуредин Исмаили** - Министерство за локална самоуправа;
3. **Даниела Тодевска** – Земјоделски факултет- Штип;
4. **Соња Ѓуровска** - Агенција за храна и ветеринарство;
5. **Васка Мојсовска** - Национална федерација на фармери;
6. **Тони Станковски** - ЛАГ АГРО ЛИДЕР.

**Претставници на Европска Комисија со набљудувачка улога:**

1. **Зиго Рутковскис -** Директорат за земјоделство и рурален развој;
2. **Винсент Кордоние -** Директорат за земјоделство и рурален развој.

**Претставници на Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија:**

1. **Рафаел Нивергелт** - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија;

**Претставници од НАО и НФ:**

1. **Александра Симјановска -** Министерство за финанси;
2. **Елизабета Манушева Апостоловски -** Министерство за финансии;
3. **Зорица Јосифоска Мерџаноска** - Министерство за финансии.

**Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ со ИПАРД):**

1. **Живко Брајковски -** раководител на Сектор за управување со ИПАРД;
2. **Игор Трошански -** помошник раководител на Сектор за управување со ИПАРД;
3. **Виктор Младеновски -** одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
4. **Јасмина Хаџибулиќ -** одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
5. **Гордана Смилеска -** одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
6. **Кирил Ристоски -** одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
7. **Оливер Стефановски -** одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
8. **Златко Колевски -** одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
9. **Јагода Маринковиќ -** одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
10. **Габриела Петрова -** одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
11. **Александар Антески -** одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
12. **Душко Јакимовски -** одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
13. **Иса Имишти -** одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
14. **Саџиде Демир** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;

**Претставници од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР):**

1. **Илија Стоилев -** Директор на АФПЗРР;
2. **Вангел Наневски -** АФПЗРР;
3. **Владимир Христов -** АФПЗРР;
4. **Марија Благоева -** АФПЗРР;
5. **Панче Арсов -** АФПЗРР;

**Претставници од Државен завод за ревизија (Ревизорско Тело):**

1. **Светлана Тодоровска -** Ревизорско Тело,
2. **Љубица Локвенец** - Ревизорско Тело,
3. **Филип Филиповски -** Ревизорско Тело.

Co-funded by the European Union

IPARD
ИПАРД Програма 2021-2027
IPARD Programme 2021-2027

-финансирано од
зерна Македонија

**Резултати: на четвртиот состанок на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027 учествуваа претседавачот на комитетот, 21 член и 6 заменици со право на глас (од вкупно 32 членови со право на глас). Согласно член 8 став (3) од деловникот за работа се постигна кворум за одржување на состанокот со 2/3 од членовите со право на глас.**

***Листата на присутност на членовите од четвртиот состанок на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027 е прикажана во прилог 1 од овој записник.***

***Листата на набљудувачи е прикажана во прилог 2 од овој записник.***

## II. Дневен ред за четвртиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

| Бр. | Време | Предлози за точки на дневен ред | Презентира: | Документи |
|---|---|---|---|---|
| | 09:00 - 09:30 | Потврда за присуство на членови/заменици на состанокот и постигнат кворум за одржување на состанокот согласно деловникот за работа | ТУ со ИПАРД | |
| | 09:30 - 09:45 | Отворање на состанокот | Претседавач, Поздравни зборови претставник од одделение Г4, ГД за земјоделство, Европска Комисија | |
| 1 | 09:45 - 09:50 | Информација за назначување на нови членови | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |
| 2 | 09:50 - 10:00 | Усвојување на дневниот ред | Претседавач | Предлог дневен ред |
| 3 | 10:00 – 10:10 | Усвојување на записникот од претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД 3 | Претседавач | Конечен записник |
| 4 | 10:10- 10:30 | Информации за спроведување на одлуките донесени на претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД 3 | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |
| 5 | 10:30- 10:40 | Комитет за следење на ИПА<br>а) Следење, повратни информации од комитетот за следење на ИПА | НИПАК | Презентирано на состанок |
| 6 | 10:40- 11:00 | Информација за спроведување на ИПАРД во сите земји | ГД за земјоделство | Презентирано на состанок |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | 11:00 - 11:20 | Состојба со спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 и 2021-2027<br>а) Општи информации за спроведување на мерките на програмата врз база на показатели за следење, табели | ТУ со ИПАРД | ТУ со ИПАРД извештај |
| | 11:20 - 11:40 | б) Состојба со реализација/финализирање на барањата од ИПАРД Програмата 2014-2020 | ИПАРД Агенција | ИПАРД Агенција извештај |
| | 11:40 – 11:55 | в) Извештај за резултатите од јавните повици 01/2023 и 01/2024 од ИПАРД Програмата 2021-2027 (процес на рангирање)<br>г) План на активности и повици во 2025 година (вклучувајќи и акредитација на нови мерки). | ИПАРД Агенција | ИПАРД Агенција извештај |
| 8 | 11:55 - 12:05 | Информација за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД, вклучително и заработена камата | НАО | НАО извештај |
| 9 | 12:05 - 12:15 | Информација за контроли<br>а) Контроли и направени ревизии<br>б) Следење на преземени активности<br>в) Годишен ревизорски извештај | ИПАРД Агенција/Ревизорско тело | ИПАРД Агенција извештај /РТ извештај |
| 10 | 12:15 – 12:30 | План за видливост и комуникација<br>а) Преглед на активности од годишниот акциски план за комуникација и публицитет за 2024 година<br>б) Усвојување на Акциски план за Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата 2021-2027 за 2025 година | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок /Акциски план за Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата 2021-2027 за 2025 година |
| 11 | 12:30 - 12:40 | Преглед на спроведување на Планот за евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020 и 2021-2027 | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |
| 12 | 12:40 - 12:50 | Активности за техничка помош<br>а) Преглед на реализација на активности од АПТА 2024<br>б) Одобрување на индикативен годишен акциски план - АПТА за 2025 | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок /Индикативен годишен акциски план - АПТА за 2025 година |
| 13 | 12:50 - 13:00 | Разно | Претседавач | |
| 14 | 13:00 - 13:10 | Предлози за дневен ред за следниот состанок/договор за нов датум | Претседавач | |

## III. Резултати од состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

### Отварање на состанокот

Претседавачот на Комитетот, Даниела Иротова Лазарева го отвори четвртиот состанок на комитетот посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот.

Винсент Кордоние, заменик раководител на одделението Г4 при Генералниот Директорат за земјоделство и рурален развој (ГД АГРИ), ги поздрави членовите на комитетот за следење на ИПАРД изразувајќи го своето задоволство од остварените резултати на ИПАРД 2 Програмата.

Споредено со земјите од западен Балкан, нашата земја е лидер во поглед на имплементација на ИПАРД 2 Програмата, но и прва која започна со имплементација на ИПАРД 3 Програмата. Големиот број на барања од јавните повици во ИПАРД 3 Програмата, го докажува големиот интерес на барателите. Тој ја истакна важноста за забрзување на постапката за склучување на договори и исплата на проекти, како и воведување нови мерки. Со тоа би се обезбедиле уште повеќе можности за развој на руралните средини, би ја зголемила апсорпцијата на ИПАРД фондовите и би се намалил ризикот за губење на средства. Потребно е и подобрување на соработката со/меѓу техничките тела и ги охрабри македонските власти да го забрзаат процесот на воведување нови мерки со цел понатамошно подобрување на имплементацијата на ИПАРД. Тој ги заврши своите воведни зборови со тоа што им посака на сите вклучени актери да продолжат со постигнувањата и да се подобрат уште повеќе во времето на обновениот импулс на процесот на проширување.

**Во врска со точка 1 од дневниот ред “Информација за назначување на нови членови":**

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски, информираше во однос на новите членови на Комитетот за следење на ИПАРД 3.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во врска со новите членови на Комитетот за следење на ИПАРД 3.**

**Во врска со точка 2 од дневниот ред “Усвојување на предлог дневниот ред за четвртиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 3":**

Членовите на комитетот немаа забелешки во однос на дневниот ред, со што беше усвоена следнава одлука:

**Одлука бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД 3 го усвои дневниот ред за четвртиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 3.**

**Во врска со точка 3 од дневниот ред: "Усвојување на записникот од претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД 3":**

Претседавачот на комитетот информираше дека записникот од претходниот состанок на комитетот одржан на 16ти мај 2024 година, е доставен до членовите на комитетот на 5ти јуни 2024 година. До 18ти јуни 2024 година до секретаријатот не беа доставени коментари од членовите.

Членовите на комитетот за следење на ИПАРД немаа забелешки на записникот и беше донесена следната одлука:

**Одлука бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД 3 го разгледа и усвои записникот од претходниот, трет состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 3 како конечен.**

**Во врска со точка 4 од дневниот ред: "Информација за спроведување на одлуките донесени на претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД 3".**

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски, информираше во однос на одлуките/заклучоците донесени на претходниот состанок на комитетот како и за двете одлуки донесени по пат на пишана процедура, односно одлуката за одобрување на Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 и одлуката за одобрување на втора измена на АПТА за 2024 година.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 3.**

**Во врска со точка 5 од дневниот ред: "Комитет за следење на ИПА".**
**(а) Следење, повратни информации од Комитетот за следење на ИПА":**

Во врска со Комитетот за следење на ИПА, претставникот на Националниот ИПА Координатор, Евгенија С. Кирковски, информираше за состанокот на Секторскиот мониторинг комитет за конкурентност и иновации, земјоделство и рурален развој и енергетика кој што се одржа на 19ти ноември 2024 година. Таа додаде дека покрај информации од Комитетот за следење на ИПА, во иднина пред членовите на Комитетот за следење на ИПАРД 3 ќе информира и за Секторскиот мониторинг комитет за конкурентност и иновации, земјоделство и рурален развој и енергетика, кој е од поголема важност и интерес.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на Комитетот за следење на ИПА.**

**Во врска со точка 6 од дневниот ред: ,,Информација за спроведување на ИПАРД во сите земји".**

Претставникот на ГД АГРИ, Зиго Рутковскис ги презентираше резултатите од спроведувањето на ИПАРД 2 и ИПАРД 3 во земјите од западен Балкан и напомена дека во иднина на секој состанок на Комитетот за следење на ИПАРД ќе ги презентира резултатите од спроведувањето на ИПАРД во останатите земји. Тој ги пофали досегашните остварени резултати од спроведувањето на ИПАРД 2 и истакна дека Република Северна Македонија е првата земја која ги усвои сите потребни договори, сѐ со цел да започне со спроведување на ИПАРД 3 Програмата. Како понатамошни чекори кои треба да се превземат за подобрување на спроведувањето на Програмата се намалување на времето потребно за склучување договори и исплати на барателите како и подобрување на соработката со/помеѓу техничките тела. Претставникот на ГД АГРИ испрати порака до македонските власти за зајакнувањето на човечките капацитети и задржување на веќе постоечкиот кадар, како и за забрзување на процесот на акредитација и спроведување на нови мерки.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 4: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на спроведувањето на ИПАРД во сите земји.**

**Во врска со точка 7 од дневниот ред: "Состојба со спроведување на ИПАРД 2 и 3 Програмата".**

**Во врска со потточка 7 (а) од дневниот ред: “Општи информации за спроведување на мерките на програмата врз база на показатели за следење, табели”:**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Виктор Младеновски детално ги презентираше резултатите од спроведувањето на Програмата и тоа по јавни повици, мерки, типови на сектори во мерките и типови на инвестиции. Тој исто така се осврна и на географскиот аспект од спроведувањето на Програмата.

Во однос на прашањето на претставничката на МЕД, Робертина Брајаноска во врска со малиот број одобрени барања во мерка 7, а особено за секторот за туристичко сместување и угостителски услуги, претставникот на ИПАРД Агенцијата, Вангел Наневски како главни причини ги наведе: некомплетност на барањатае, неисполнување на одредени специфични критериуми предвидени за инвестиции во сместувачки капацитети, ненавремено доставување на дозвола за градба, исполнување на стандардите за заштита на животната средина кои во голема мера се изедначени со стандардите на ЕУ. Имајќи го предвид презентираното (разликата меѓу применитe и одобрени барања особено во приоритетната област - поддршка на руралниот туризам), претставничката на МЕД, Робертина Брајаноска го покрена прашањето за регионална анализа на спроведувањето на мерката 7 и вклучување на анализа на имплементацијата на ИПАРД во заштитените подрачја. Претставникот на ТУ со ИПАРД, Виктор Младеновски посочи на претстојниот извештај за ex-post евалуација, каде што ваквите прашања ќе бидат анализирани. Извештајот треба да даде и анализа на причините за одбивањето на барањата по мерка,

приоритетна област, тип на инвестиција и регион и ќе послужи како алатка за подобрување на имплементацијата на ИПАРД 3 Програмата.

Во однос на соодветната регионална распределба на средствата од ИПАРД, претставникот на Министерството за локална самоуправа Нуредин Исмаили, праша дали можеби ваквата распределба е под влијание на слабиот публицитет на ИПАРД во некои региони. Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски истакна дека спроведената кампања за публицитет на ИПАРД Програмата подеднакво ги опфати сите региони во државата, посети над 200 населени места и дистрибуираше информации преку инфо денови и работилници. Во овој поглед, г-дин Рутковскис им предложи на македонските ИПАРД власти да користат таргетирани јавни повици по мерка или регион, доколку се утврдат разлики помеѓу регионите и/или секторите во текот на спроведувањето на ИПАРД.

Претставничката на Министерството за социјална политика, демографија и млади, Александра Славковска го покрена прашањето во врска со индикаторот „број на отворени работни места“ и праша зошто нема податоци за овој индикатор. Г-дин Младеновски истакна дека индикаторот е наведен во Програмата за секоја мерка и дека ИПАРД Агенцијата е должна да обезбеди податоци при тековниот мониторинг или најдоцна во Годишниот извештај за имплементација за 2024 година и Финалниот извештај.

Од страна на претставничката на НФФ, Васка Мојсовска непостоењето на урбанистички планови во селата беше исто така наведено како пречка на земјоделците да аплицираат за ИПАРД.

Претставничката на Стопанската комора на РСМ, Елена Младеновска Јеленковиќ посочи проблем со истекувањето на договорите за концесија за користење на државно земјоделско земјиште. Оние баратели чии концесии се при крај, поради неисполнување на критериумите на програмата, се ограничени да аплицираат за ИПАРД и апелираше надлежните да го разгледаат овој проблем и да ги продолжат договорите за концесија на заинтересираните потенцијални баратели. Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД 3, Даниела Иротова Лазарева одговори дека постапката е олеснета, односно, донесени се измени во Законот за земјоделско земјиште каде што договорите за закуп се продолжуваат во рок од 15 дена.

Претставничката на Стопанската комора на РСМ, Елена Младеновска Јеленковиќ покрена прашање за големината на корисниците. Таа ја нагласи потребата од советодавна помош за помалите земјоделци и апликанти и праша како се прави проценката на големината на компаниите, кое тело ја врши оваа проценка. Во таа насока, г-дин Брајковски ја информираше членката дека прашањето за апликантите на малите земјоделци е одамна решено. Советниците на АПРЗ обезбедуваат бесплатна помош при подготовката на апликацијата и прибирањето на документацијата. Што се однесува до проценката на големината на апликантите, Програмата поддржува само микро, мали и средни претпријатија, како што е дефинирано со дефиницијата за препорака на ЕУ за проценка на големината на претпријатијата на компаниите дадена од Европската комисија. Оваа дефиниција на препораката може да ја видат потенцијалните апликанти во јавниот повик и насоките за апликантите корисници

.Во врска со оваа потточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 5: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на резултатите од спроведување на ИПАРД 2 и ИПАРД 3 Програмата преку податоци и показатели за следење.**

**Во врска со потточка 7 (б) од дневниот ред: "Состојба со реализација/финализирање на барањата од ИПАРД Програмата 2014-2020".**

Претставникот на ИПАРД Агенцијата, Владимир Христов истакна дека деталните податоци во врска со оваа потточка веќе беа презентирани во претходната. Финалните податоци ќе бидат презентирани на следниот состанок на Комитетот.

Во врска со оваа потточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 6: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на состојбата со реализација/финализирање на барањата од ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**Во врска со потточка 7 (в) од дневниот ред: "Извештај за резултатите од јавните повици 01/2023 и 01/2024 од ИПАРД Програмата 2021-2027 (процес на рангирање)".**

Претставникот на ИПАРД Агенцијата, Вангел Наневски детално ги презентираше резултатите од јавните повици 01/2023 и 01/2024 од ИПАРД Програмата 2021-2027**.**

Заради големиот број на барања и повисоката побарана сума за финансиска поддршка од сумата објавена во јавниот повик 01/2023, рангирање на барањата беше применето согласно критериумите за селекција од ИПАРД 3 програмата. Недостатокот на вработени како и постапката за утврдување на референтните цени, беа наведени како причина за долгата административна обработка на барањата.

Во однос на рангирањето, тој истакна дека треба да се внимава и на дополнителниот критериум односно, доколку одреден број на корисници имаат ист број на бодови, приоритет им се дава на оние кои што први го поднеле барањето.

Во врска со оваа потточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 7: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на резултатите од јавните повици 01/2023 и 01/2024 од ИПАРД Програмата 2021-2027.**

**Во врска со потточка 7 (г) од дневниот ред: "План на активности и повици во 2025 година (вклучувајќи и акредитација на нови мерки)".**

Претставникот на ИПАРД Агенцијата, Вангел Наневски информираше дека првиот јавен повик за мерка 1 ќе биде објавен во текот на првиот квартал од 2025 година. Во однос на јавен повик за мерката 3, сè уште не е дефиниран временскиот период за негово објавување, додека пак, нов јавен повик за

мерката 7 не може да биде објавен пред септември 2025 година, односно до завршување на процесот на одобрување на барањата доставени на повикот 02/2024.

Во врска со оваа потточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 8: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на планот на активности и повици во 2025 година (вклучувајќи и акредитација на нови мерки).**

**Во врска со точка 8 од дневниот ред: "Информација за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД, вклучително и заработена камата".**

Комитетот за следење беше информиран во врска со административната проверка на одбиените барања и процесот на рангирање на барањата од јавниот повик 01/2023 од ИПАРД 3 Програмата и додаде дека не беа откриени значајни наоди кои што би можеле да го загрозат функционирањето на системот за управување и контрола. Исто така беше спроведена и верификациска посета на ниво на проект за исплатени проекти, особено ex post - теренски проверки во рамките на ИПАРД 2 Програмата. Општиот заклучок од верификацијата беше дека крајните корисници ги почитуваат правилата за одржливост на проектите/инвестициите и дека инвестициите се соодветно искористени во согласност со потпишаните договори.

Пакетот за акредитација на мерката „Инвестиции во јавна рурална инфраструктура" се очекува да биде доставен до ЕК во декември 2024 или јануари 2025 година.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 9: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД, вклучително и заработената камата на ИПАРД евро сметката.**

**Во врска со точка 9 од дневниот ред: "Информација за контроли".**

**Во врска со подточка 9 (а) од дневниот ред: "Контроли и направени ревизии":**

Претставникот на ИПАРД Агенцијата, Панче Арсов информираше во однос на извршените контроли на терен. Заклучок од контролите на терен е дека не се утврдени поголеми нерегуларности и неправилности.

**Во врска со подточка 9 (б) од дневниот ред: "Следење на преземени активности":**

Претставничката на ИПАРД Агенција, Марија Благоева информираше за спроведените ревизии во 2024 година.

**Во врска со подточка 9 (в) од дневниот ред: "Годишен ревизорски извештај":**

Претставникот на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, Љубица Локвенец информираше во однос на превземените активности од страна на Ревизорското тело во текот на 2024. Во текот на 2024 имаше интензивна комуникација помеѓу инволвираните страни предмет на ревизијата, при што со писмен допис од ГД за земјоделство и рурален развој на 30ти октомври 2024, македонските власти се известени дека грешките утврдени од страна на Ревизорското Тело заклучно до 15ти март 2024 година, се под прагот на материјалноста, поради што нема да има казна за враќање на пари.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучока бр. 10: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на контролите, направените ревизии, следењето на превземените активности и годишен ревизорски извештај.**

**Во врска со точка 10 од дневниот ред: " План за видливост и комуникација".**

**Во врска со потточка 10 (а) од дневниот ред: “Преглед на активности од годишниот акциски план за комуникација и публицитет за 2024 година”:**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Кирил Ристоски информираше за активностите во рамките на кампањата за публицитет за ИПАРД 3 Програмата, предвидени во годишниот акциски план за комуникација и публицитет на ИПАРД 3 Програмата година за 2024 година.

Во врска со оваа потточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 11: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за активностите од годишниот акциски план за комуникација и публицитет.**

**Во врска со потточка 10 (б) од дневниот ред: “Усвојување на акциски план за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2021-2027 за 2025 година”:**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Кирил Ристоски го презентираше акцискиот план за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2021-2027 за 2025 година. Тој истакна дека за 2025 година се планира масовна кампања за публицитет на ИПАРД 3 Програмата.

Во врска со оваа потточка, беше усвоена следната одлука:

**Одлука бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД 3 го усвои планот за комуникација и публицитет за 2024 година.**

**Во врска со точка 11 од дневниот ред: „Преглед на спроведување на Планот за евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020 и 2021-2027”.**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Александар Антески ги презентираше деталите во врска со евалуацијата на ИПАРД 2 и ИПАРД 3 Програмата. За реализација на овие активности, се планира ангажирање на надворешен експерт преку мерката техничка помош. Финалниот извештај за ex-post евалуација на ИПАРД 2 Програмата ќе биде доставен до ЕК најдоцна до

декември 2025 година. За 2025 година, исто така планирана е и работилница за зајакнување на капацитетите за евалуација.

Во врска со оваа потточка беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 12: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за спроведување на Планот за евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020 и 2021-2027.**

**Точка 12 од дневниот ред "Активности за техничка помош”.**

**Во врска со потточка 12 (а) од дневниот ред "Преглед на реализација на активности од АПТА 2024”:**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Кирил Ристоски информираше за реализираните активности од АПТА за 2024.

Во врска со оваа потточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 13: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за реализираните активности од АПТА-та за 2024 година .**

**Во врска со потточка 12 (б) од дневниот ред: " Одобрување на индикативен годишен акциски план - АПТА за 2025”:**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Кирил Ристоски ги презентираше активностите предвидени во АПТА-та за 2025 година. Поради потребата од меѓуинституционално усогласување помеѓу ИПАРД Агенцијата и Телото за управување со ИПАРД, АПТА-та за 2025 година ќе биде доставена до членовите за разгледување и усвојување по пат на пишана процедура.

Претставничката на МЗШВ, Виолета Михајлоска предложи промотивните видеа кои ќе се продуцираат во рамки на набавката за промоција и публицитет на ИПАРД, предвидена во АПТА-та за 2025, покрај успешните ИПАРД проекти да ги опфатат и критериумите за користење на ИПАРД средствата за потенцијалните идни корисници.

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски одговори дека оваа сугестија ќе биде разгледана при подготовка на проектните задачи за оваа набавка.

Во врска со оваа потточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 14: Комитетот за следење на ИПАРД 3 го разгледа годишниот акциски план- АПТА за 2025 година.**

**Точка 13 од дневниот ред “Разно”:**

Претставникот на МЗШВ, Перица Иваноски предложи статусот со акредитацијата на новите мерки да биде предвиден како посебна точка во агендата за следниот состанок на Комитетот. Во насока на акредитација на нови мерки да се изготват планови на потребни активности за нивна акредитација. Г-дин Брајковски информираше дека Секретаријатот ќе ја вклучи таквата точка во изготвувањето на идните агенди за состанокот на Комитетот.

Г-дин Иваноски праша за можноста за зголемување на расположливиот буџет со негово прераспределување од помалку успешни земји. Г-дин Рутковскис одговори дека, иако можноста беше претставена на претходните состаноци на Комитетот, предложената опција не беше земена во предвид бидејќи Северна Македонија треба да ги реши идентификуваните прашања во имплементацијата на ИПАРД. Имено, спроведување одржлива политика за човечки ресурси, намалување на времето потребно за склучување договори и плаќања на проекти, проширување на имплементацијата на ИПАРД со доверување на нови мерки.

Во врска со оваа точка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 15: Секретаријатот на Комитетот за следење на ИПАРД 3 да внесе точка на дневен ред „Информација за процесот на акредитација на нови мерки“ во дневниот ред за следниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.**

**Во врска со точка 14 од дневниот ред "Предлог на дневен ред за следниот петти состанок на Комитетот за следење/договор за индикативен датум“:**

Претседавачот информираше дека датумот за следниот состанок ќе биде договорен во согласност со достапноста на претставниците на ЕК.

Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД го затвори состанокот и го прогласи за успешен.

| **ЗА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД ПРОГРАМАТА 2021-2027:** | **ЗА СЕКРЕТАРИЈАТОТ:** |
|---|---|
| **Даниела Иротова Лазарева** | **Живко Брајковски** |
| Титула: Претседавач | Титула: Раководител на Тело за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: |

**Прилог 1: Листа на присутни членови (или нивни заменици) на состанокот на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027**

| Бр. | Име на членот | Институција | Присутен | Присутен (заменик член) | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Даниела Иротова Лазарева | МЗШВ | √ | | | |
| МИНИСТЕРСТВА | | | | | | |
| 2 | Перица Иваноски | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 3 | Билјана Дамческа | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 4 | Маја Лазареска Јовеска | МЗШВ | / | √ | Татјана Вета | 0 |
| 5 | Виолета Михајлоска | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 6 | Евгенија Серафимовска Кирковски | Министерство за европски прашања | √ | | | 0 |
| 7 | Ардиана Абази Рамадани | Министерство за економија | √ | | | 0 |
| 8 | Елизабета Стојкоска | МЛС | / | √ | Нуредин Исмаили | 0 |
| 9 | Рефет Амети | МК | √ | | | 0 |
| 10 | Африм Шаини | МЖСПП | √ | | | 0 |
| 11 | Игор Мојаноски | Министерство за транспорт и врски | / | / | | 1 |
| 12 | Александра Славковска | Министерство за труд и социјална политика | √ | | | 0 |
| 13 | Ѓоко Ѓорчевски | АХВ | / | √ | Соња Ѓуровска | 0 |
| АГЕНЦИИ | | | | | | |
| 14 | Пеце Стојковски | АПРЗ | √ | | | 0 |
| 15 | Маја Тасева | Агенција за поддршка на претприемништвото | √ | | | 0 |
| ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | | | |
| 16 | Елена Младеновска Јеленковиќ | Стопанска комора на Македонија | √ | | | 0 |
| 17 | Горан Ѓорѓиевски | Сојуз на стопански комори | / | / | | 1 |
| 18 | Билјана Петровска | Национална федерација на фармери | / | √ | Васка Мојсовска | 0 |
| 19 | Сашо Ристески | Македонска асоцијација на преработувачи | √ | | | 0 |
| 20 | Наташа Вртеска | Заедница на единиците на | √ | | | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | локалната самоуправа | | | | |
| 21 | Марина Нацка | Факултет за земјоделски науки и храна | √ | | | 0 |
| 22 | Агрон Фазлиji | Занаетчиска комора на Република Северна Македонија | / | / | | 1 |
| 23 | Љупчо Михајлов | Факултет за земјоделски науки и храна - УГД Штип | / | √ | Даниела Тодевска | 0 |
| 24 | Марина Тошеска | Агро-Лидер | / | √ | Тони Станковски | 0 |
| 25 | Петар Ѓоргиевски | Рурална мрежа на Р.М. | √ | | | 1 |
| 26 | Владимир Петков | Факултет за ветеринарна медицина | √ | | | 0 |
| 27 | Сашо Крцоски | Мрежа на млади фармери | √ | | | 0 |
| 28 | Робертина Брајаноска | Македонско еколошко друштво | √ | | | 0 |
| 29 | Лилјана Јоноски | Рурална коалиција | / | / | | 1 |
| 30 | Горан Митев | Асоцијација на земјоделци | √ | | | 0 |
| 31 | Перо Моцан | Вина од Македонија | √ | | | 0 |
| 32 | Арбен Халили | Стопанска комора на северо-западна Македонија | √ | | | 0 |
| 33 | Бардиљ Даути | Универзитет во Тетово | / | | | 1 |
| ВКУПНО: | | | 28 | | | |

**Прилог 2: Листа на набљудувачи**

**Претставници на владини институции:**

- **Петар Андонов –** Агенција за поттикнување на развој на земјоделството